| 1. 0 | 6 263 | Г2 | Лесна и незагадувачка индустрија | Дел од КП бр. 1877, КО Оризари вон град | 2 003 | 4007 | 32 | 0,6 | во зависност од технолошкиот процес | П | Локална урбанистичка планска документација за Г2-лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП бр. 1877, КО Оризари вон град, Општина Велес | Оризари-вон град |
| 1. 1 | 65 133 | Е1 .13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр. 10573/1, КО Велес | 53705 | 53705 | 82 | 0,82 | 4.5 | П | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земја) „Грохот 1“ на дел од КП бр.10573/1, К.О. Велес, Општина Велес | Грохот |
| 1. 1 | 65 133 | Е1 .13 | Површински | дел од КП бр. | 54106 | 54106 | 83 | 0,83 | 4.5 | П | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички | Грохот |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | сола рни и фото волт аичн и електрани | 10573/1, КО Велес | | | | | | | план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Грохот 2” на дел од КП бр.10573/1 К.О. Велес, Општина Велес | |
| 1. 1 | 30 000 | Е1 .13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр.14232/ 1 КО Велес | 21427 | 214 27 | 71 | 0,71 | 4.5 | П | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Свети Илија 2” на дел од КП бр.14232/1 К.О. Велес, Општина Велес | Свети Илија |
| 1. 1 | 29 388 | Е1 .13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр.14232/ 1 КО Велес | 21221 | 212 21 | 72 | 0,72 | 4.5 | П | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Свети Илија 3” на дел од КП бр.14232/1 К.О. Велес, Општина Велес | Свети Илија |

**III.II.I. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање**
**Табела со следните информации**:

| број на градежна парцела | вкупна површина на градежна парцела (во м$^2$) | намена на земјиштето (основна класа) | намена на земјиштето (опис) | броеви на катастарски парцели во состав на градежната парцела | површина на градба (во м$^2$) | бруто развиена површина (во м$^2$) | процент на изграденост | коефициент на искористеност на земјиштето | максимална дозволена висина (во м) | катност | почетна/утврдена цена по метар квадратен (денари) | вкупна почетна/утврдена цена (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.01 | 832 | А4 | Времено сместување | КП 20/1, КО Башино село-вон г.р., | 229,86 | 459,72 | 27,62 | 0,55 | 7 | П+1 | 283 | 235.456,00 |
| 1.12 | 687 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 202,50 | 405 | 29,44 | 0,59 | 7 | П+1 | 283 | 194.421,00 |
| 1.14 | 741 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 244,60 | 489,20 | 32,99 | 0,66 | 7 | П+1 | 283 | 209.703,00 |
| 1.15 | 602 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 261,79 | 523,58 | 43,42 | 0,87 | 7 | П+1 | 283 | 170.366,00 |
| 1.16 | 909 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 217,51 | 435,02 | 23,91 | 0,48 | 7 | П+1 | 283 | 257.247,00 |
| 1.17 | 694 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 242,51 | 485,02 | 34,90 | 0,70 | 7 | П+1 | 283 | 196.402,00 |
| 1.18 | 685 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 187,02 | 374,04 | 27,28 | 0,55 | 7 | П+1 | 283 | 193.855,00 |
| 1.19 | 1 060 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 184,93 | 369,86 | 17,44 | 0,35 | 7 | П+1 | 283 | 299.980,00 |
| 1.1 | 4130 | Г2 | Лесна индустрија | КП 1044/2, КО Велес | 1547 | 3094 | 37 | 0.75 | 12 | П+1 | 61 | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | 251.930,00 |
| 1.2 | 4759 | Г2 | Лесна индустрија | КП 1044/2, КО Велес | 2566 | 5131 | 54 | 1.08 | 12 | П+1 | 61 | 290.299,00 |
| 1.3 | 690 | Г2 | Лесна индустрија | КП 1044/2, КО Велес | 280 | 559 | 41 | 0,81 | 12 | П+1 | 61 | 42.090,00 |
| 14 | 773 | А1 | Домување во станбени куќи | КП бр. 20/33, КО Башино село вон град | 255 | 511 | | | 7,20 | П+1 | 61 | 47.153,00 |
| 38 | 640 | А1 | Домување во станбени куќи | КП бр. 18/21, КО Башино село вон град | 221 | 441 | | | 7,20 | П+1 | 61 | 39.040,00 |
| 4.10 | 416 | А1 | Домување во станбени куќи | КП бр. 17904, КО Велес | 113 | 339 | | | 10,40 | П+2 | 61 | 25.376,00 |
| 2.3 | 323 | А1 | Домување во станбени куќи | КП бр. 17966, КП бр. 18372/1, КО Велес | 66 | 199 | 20,5 | 0,62 | 10,40 | П+2 | 61 | 19.703,00 |
| 1.0 | 6 263 | Г2 | Лесна и незагадувачка индустрија | Дел од КП бр. 1877, КО Оризари вон град | 2 003 | 4007 | 32 | 0,6 | во зависност од технолошкиот процес | П | 61 | 382.043,00 |
| 1.1 | 65 133 | Е1.13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр. 10573/1, КО Велес | 53705 | 53705 | 82 | 0,82 | 4.5 | П | 61 | 3.973.113,00 |
| 1.1 | 65 133 | Е1.13 | Површински соларни и фотоволтаи | дел од КП бр. 10573/1, КО Велес | 54106 | 54106 | 83 | 0,83 | 4.5 | П | 61 | 3.973.113,00 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | чни електрани | | | | | | | | | |
| 1.1 | 30 000 | Е1.13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр.14232/1 КО Велес | 21427 | 21427 | 71 | 0,71 | 4.5 | П | 61 | 1.830.000,00 |
| 1.1 | 29 388 | Е1.13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр.14232/1 КО Велес | 21221 | 21221 | 72 | 0,72 | 4.5 | П | 61 | 1.792.668,00 |
| | | | | | | | | | | | | **14.423.958,00 денари** |

**IV Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Во рамките на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2024 година, за промоција на Општината предвидени се средства од Буџетот на општината, од кои ќе се користат и средства за реализација на информативни кампањи за продажба на градежно земјиште.

**V Динамика на реализација на Програмата**

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.

Секој турнус би опфатил објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени места, урбани блокови или локалитети. Во 2024 година ќе се објавуваат градежните парцели опфатени со програмата и тоа во согласност со намената на земјиштето и локалитетот.

Со објавата ќе се пропишуваат/определуваат следните параметри: висината на банкарската гаранција за учество, определување на интернет страницата на која ќе се врши наддавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со наддавањето.

- **Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

- Петре Цилаков
- Роза Здравева
- Ангела Чичевалиева
- Марија Рунтева

**VI Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата за предвидените локации за отуѓување да изнесува 7 000 000,00 денари.**
**-Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

**VII Преодни и завршни одредби**

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општината.

Оваа програма влегува во сила со осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4529/6
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.324**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес во зимски услови за 2024/2025 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес во зимски услови за 2024/2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/6
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес во зимски услови за 2024/2025 година**

1.Советот на Општина Велесја донесе Програмата за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес во зимски услови за 2024/2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/7
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 34 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23 и 224/24) член 13 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20, 122/21, 33/24 и 208/24),член 2 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија” бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и член 5 од Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 15.11.2024 донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес во зимски услови за 2024/2025 година**

**1. ВОВЕД**

Со оваа програма се предвидува обемот, динамиката и начинот на одржувањето на општинските патишта и улици, улици како дел од државните патишта кои транзитираат низ населени места, како и работите за одржување на комуналните објекти, тротоарите (и велосипедските патеки) на подрачјето на Општина Велес во зимски услови во сезоната 2024/2025 година.
Временските непогоди во зимскиот период во годината се најчеста причина за нарушување на нормалното одвивање на сообраќајот, особено при несоодветна подготовка на надлежните органи.
За реализација на оваа програма неопходно е да се обезбеди одговорен однос на сите учесници во реализација на оваа програма, со што ќе се овозможат поприфатливи за сообраќајот и рационално и економично извршување на програмата.

***2. Работи на зимско одржување на општинските патишта и улиците се:***

-Чистење снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки;
-Посипување на коловозот со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот.
-Предвидување превентивно заштитни мерки во високата зона на градот во смисла на поставување на ракохвати по тесните стрмни улички и сл.
Работите на зимското одржување на општинските патишта и улици се изведуваат на начин кој има за цел да обезбеди постојана проодност во зависност од утврдениот приоритет произлезен од категоријата и значајот на локалниот пат или улица.
Ако поради снег, голомразица или други причини сообраќајот на општинскиот пат или улица е отежнат или безбедноста на сообраќајот е значително загрозена, надлежниот општински орган ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките, а ако не е во состојба да ги отстрани пречките ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила, во соработка со СВР Велес.
Во случаите кога прекинот на сообраќајот трае подолго од два часа надлежниот орган на Општината ќе ја извести јавноста преку средствата за информирање.
Во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат поради елементарни непогоди (снежни лавини, одрони од поголем обем или од други причини) надлежниот орган на општината ќе постапи врз основа на посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, што го донесува советот на Општината.

**3. Организациона поставеност на зимската служба и обврски на учесниците**

Преку организационата поставеност се дефинира обемот на работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализација на оваа Програма како и начинот на нивното делување.
Во зимското одржување за општинските патишта и улици ќе учествуваат надлежните општински органи со следниве обврски:
3.1 Советот на Општина Велес

- Донесува Програма за зимско одржување;
- Донесува посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди

**3.2 СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ, СООБРАЌАЈ, ПАТИШТА, ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА:**

- Го организира чистењето на снегот, мразот и голомразицата заради обезбедување на непречено и безбедно одвивање на сообраќајот;
- Ги вклучува градските јавни претпријатија и дополнително ангажирани претпријатија;
- Ги следи активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- Преку средствата за јавно информирање, информира за работата на учесниците вклучени во Програмата.
- Врши надзор во извршувањето на програмата

### 3.3. ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА – Скопје, подружница Велес

Ја извршува програмата во целост во делот на улиците кои се определени како дел од државен пат, а општинските патишта и улици во висина на доверените работи согласно склучен договор со Општина Велес.

ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонија пат“ согласно Програмата за зимско одржување на магистралните и регионалните патишта има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и тоа само во делот на коловозна конструкција и сообраќајната сигнализација што е во функција на јавниот (регионален) пат.

**Улична мрежа**

| | |
|---|---|
| 1. „Димитар Влахов“ | 1.45 км |
| 2. „Кресненско Востание“ | 0,05 км |
| 3. „Петре Прличко“ | 0,20 км |
| 4. „Анѓел Мишев“ | 0,15 км |
| 5. „Стар Мост“ | 0,06 км |
| 6. „Димко Најдов“ | 1.00 км |
| 7. „Илинденска“ | 0.15 км |
| 8. „8-ми Септември“ – дел | 0.59 км |
| 9. „Благој Ѓорев“ | 2.20 км |
| 10. „Гоце Делчев“ | 0.20 км |
| 11. „Страшо Пинџур“ | 0.20 км |
| 12. „Алексо Демниевски Бауман“ до спој со „АСНОМ“ | 0.60 км |
| 13. „АСНОМ“ до спојот со „Андон Шурков“ | 0.40 км |
| 14. „Андон Шурков“ | 0.80 км |
| 15.Вардарска – „Р1102“ – (заобиколен пат Велес- Башино Село) | 3.65 км |

**Вкупно 11.70 км**

3.4. ПРАВНИ ЛИЦА ИЗБРАНИ ВО ПОСТАПКА НА СПРОВЕДЕН ТЕНДЕР ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ

- Ја реализираат Програмата за функционирање на зимската служба;
- Склучува Договор со Републичкиот Хидро – метереолошки завод за добивање на временски прогнози;
- Организира редовни дежурства со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствена механизација за дејствување во Зимската служба;
- Одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Обезбедува складирање, растурање и вградување на сол, песок, ладен асфалт и други материјали;
- Ги припрема возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови и врши тековно одржување;
- Обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата;
- Со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатицата од коловозните површини;
- Води целосна документација за Зимската служба;
- Доставува месечен распоред на лица за дежурството со податоци за работна рака и механизацијата, најдоцна до 25 ти во тековниот месец до Општина Велес;

Правното лице - изведувачот кој што претходно ќе биде избран во постапка на спроведен тендер, согласно склучениот договор за зимско одржување на општинските патишта и улици ќе има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и општински патишта:

**Улична мрежа**

| | |
|---|---|
| 1. „Наум Н. Борче“ | 0.20 км |
| 2. „Алексо Демниевски Бауман“ со спој со „АСНОМ“ до Железничка станица | 0. 50 км |
| 3. „Борис Трајковски“ | 0.70 км |
| 4. „11ти Октомври“ | 0.20 км |
| 5. „3-та Кумановска Ударна Бригада“ | 0.60 км |
| 6. „Тодор Христов Офицерчето“ | 0.20 км |
| 7. „Орце Мартинов“ до спојот со „Рилски Конгрес“ | 0.55 км |
| 8. „Самоборска“ | 0.25 км |
| 9. „Тодор Јанев“ до спојот со „Костурска“ | 0.40 км |
| 10. „Костурска“ | 0.87 км |
| 11. „Васил Ѓоргов“(цела до плоштад Којник) | 0.70 км |
| 12. „8ми Септември“ | 0.21 км |
| 13. „Лазо Осмаков“ | 0.25 км |
| 14. „Луј Пастер“ | 1.00 км |
| 15. „Др. Христо Татарчев“ | 0.40 км |
| 16. „Никола Карев“ | 0.30 км |
| 17.„Бане Андреев Ронката“ | 0.15 км |
| 18. „Живко Фирфов“ (од почеток до Филтерна станица ЈКП Дервен) | 0.93 км |
| 19. „Љубен Весов“ (од спој со ул. Архиепископ Михаил до спој со ул. Кочо Рацин) | 0.24 км |
| 20. Улица Комплекс згради Вел Сити | 0.30км |
| 21.Пристапна улица дел од Ново проектирана бр.3 (Езеро Младост) | 0.20км |

**Вкупно** **9.15 км**

**Опшински патишта**

| | |
|---|---|
| 1. „Р1102“- с. Башино Село | 0.70 км |
| 2.„Р1102“- с. Отовица- С.Сујаклари С.Кумарино –Јазла | 8.10 км |
| 3. „Р1 312“ - с.Горно Оризари – с. Клуковец – с. Сливник | 10.70 км |
| 4. „М-5“ - пат кон село Д.Караслари | 0.60 км |
| 5. „Р1312“ – с. Мамутчево – с. Иванковци | 10.00 км |
| 6. „Р1102“ – с. Црквино | 3.47 км |
| 7. Велес – Нови Гробишта | 2.00 км |
| 8. Оризари (пристапен пат до новата училишна зграда) | 0.30 км |
| 9. Пешти (пристапен пат до Пешти) | 2,65 км |
| 10. Сопот (пристапен пат до Сопот) | 0,70 км |
| **Вкупно** | **39.22 км** |

**3.5. Други учесници**
**3.5.1. ГРАДЕЖНА ОПЕРАТИВА**

Во видот и обемот на вклучувањето на механизацијата на градежните претпријатија одлучува и ја ангажира надлежниот општински орган. Заради потребата од ефикасно чистење на снегот, а имајќи ја во предвид ангажираноста на „Македонија пат“ во чистењето на патиштата од повисока категорија, можна е потреба од дополнително ангажирање на други градежни машини, за што потребата ја утврдува надлежниот орган во општината. Другите градежни машини ќе бидат ангажирани од соодветни претпријатија за чистење и оспособување на асфалтните коловозни површини по претходно склучен договор врз основа на Законот за јавни набавки за следните општински патишта:

| | |
|---|---|
| 1. Нови Гробишта - с. Раштани – с. Бузалково – с. Сливник | 10.00 км |
| 2. „Р1 102“ – Нас. Дурутовец – с. Чолошево | 3.20 км |

**Вкупно 13.20 км**

Се ангажира во зимското одржување на улиците согласно со Програмата за чистење на јавно-прометни површини и оваа Програма за следниве улици:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | . „ЈХК Џинот“ (до спојот со „Прохор Пчински“) | 0.40 км |
| 2 | . „Прохор Пчински“ | 0.50 км |
| 3. | „Архиепископ Михаил“ | 0.90 км |
| 4. | „Кирил и Методиј“ | 0.50 км |
| 5. | „Илинденска“ само тротоарите на мост „Гемиџии“ | |
| 6 | . „8-ми Септември“ | 0.80 км |
| | Тротоарот од левата страна | |
| | - од С’рмаале до С. Куќа | |
| | - Стопанска Банка до Стар Мост и Стар Мост | |
| 7 | . „Благој Ѓорев“ | 2.20 км |
| 7.1. | тротоарот од левата страна | |
| | - од Пошта до спој со ул. „Шефки Сали“ | |
| | - од „Љубљанска“ до влезот на касарната | |
| 7.2. | тротоарот од десната страна | |
| | - од Домот на АРМ до влезот на касарната | |
| 8 | . „Алексо Демниевски Бауман“ | 1.10 км |
| 8.1. | тротоарот од двете страни | |
| | - од почеток до зградата на Општина Велес | |
| 9 | . „Мало мовче“ | 0.07 км |
| 10 | . „Пешачки надвозници на битолска пруга“ | 0.08 км |

**3.5.2.1 ЈКП ДЕРВЕН – КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

- Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за смет и околу нив;
- Ги расчистува пешачките зони, тротоарите и пешачките пристапи до објектите кои се од витално значење, како и други јавни површини;
- Обврските на ЈКП ДЕРВЕН „Комунална хигиена“ предвидени со оваа точка се покриваат од цената на ѓубретарината, освен потребите од индустриска сол која ја набавува општината.
- Контрола врз работата на ЈКП ДЕРВЕН „Комунална хигиена“ врши надлежен орган во општината.

### 3.5.2.2 ЈКП ДЕРВЕН –ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

- Ја оспособува атмосферската канализација и сливниците за прием на поголеми количини вода во зимски услови и со цистерни ја отстранува водата од „*црните точки*“ каде нема атмосферска канализација(подвозници, улици и други работи сврзани со зимската служба);
- Контрола врз работата на ЈКП ДЕРВЕН – Водовод и канализација врши надлежен орган на општината.

### 3.5.2.3 ЈКП ДЕРВЕН – ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

- Врши сечење и отстранување од коловоз на паднати дрва и гранки;
- Го отстранува снегот и пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во Градот и други работи сврзани со зимската служба;
- Контрола врз работата на ЈКП ДЕРВЕН – Паркови и зеленило врши надлежен орган на општината.

### 3.5.3 ЕВН МАКЕДОНИЈА КЕЦ – ВЕЛЕС

Ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации, приодите, непосредната околина околу трафостаниците и други објекти;

### 3.5.4 МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ – РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА КОМУНИКАЦИИ ВЕЛЕС

Ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ПТТ инсталации и уреди на телефонските говорници.

### 3.5.5 СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА ПРИ ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти. Во исклучителни случаи кога е загрозена безбедноста и нормалното одвивање на сообраќајот може да даде налог до ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонија пат“ – Подружница Велес и надлежниот општински орган за преземање на активности за оспособување на сообраќајниците или одделни делови (црни точки).

### 3.5.6 ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Е должен да врши масовна едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај.

### 3.5.7 ОПШТИНСКИ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ:

Да земе активно учество во изготвувањето на програмата, следење на нејзино спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период заради благовремено превземање на превентивни мерки за заштита и спасување, како и конкретни активности за соодветна дообука и подготвеност на екипите – лицата од населените места кои што ќе вршат чистење и посолување.

### 3.5.8 ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ:

Се вклучува во извршувањето на програмата во делот на информативниот систем за зимското одржување и тоа само со помош на својата развиена радиостанична мрежа на подрачјето на општината.

### 3.5.9 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕРЕОЛОШКИ РАБОТИ

Ги доставува извештаите и прогнозите (дневни, тридневни, неделни и месечни) за временските услови до ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонија Пат“ и Општина Велес.

### 3.5.10 УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ НА ОПШТИНАТА

Се должни да превземат одговорност во смисла: да го известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот за отстранување на снежните наноси, притоа да ги активираат граѓаните од таа МЗ за да можат во договор со Општина Велес да превземат конкретни работни задолженија и обврски во зимското одржување на патната мрежа, заради што до одделни месни заедници може да подигнат, складираат, чуваат и наменски да користат одредено количество на индустриска сол, со можност од задолжително учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посолувањето.

**3.5.11 ДРУГИ УЧЕСНИЦИ**
Единиците на дирекцијата за заштита и спасување, месните и урбани заедници, ученици и студенти и други екипи, како и сите други, во услови на прогласена елементарна непогода заедно дејствуваат според посебниот План за отстранување на последиците од елементарни непогоди донесен од страна на советот на општината.

**3.5.12** Правните и физичките лица превземаат брзи, ефикасни мерки за отстранување на снегот и мразот на отворените простории пред јавните објекти (пазариштата, гробиштата, железничките премини, бензиски пумпи, паркиралишта и слични објекти) со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

**3.5.13** Правните и физички лица како сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (трговски центри, дуќани, продавници и слични објекти) превземаат мерки за чистење на снегот и мразот пред своите објекти.

**3.5.14** Граѓаните односно сопствениците, станарите и закупувачите на станбените објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите – патеките и приодите пред своите станбени згради.

Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите при што се води сметка безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот.

Исчистениот снег се собира пред зградите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

**3.5.15** Извршителите на јавниот Градски и Приградски превоз преземаат мерки за отстранување на снегот и мразотод автобуските постојки и нивно оспособување за користење;

## 4. ОБЕМ, ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

### 4.1 Обем на одржување

Обемот на работите се утврдува согласно приоритетот на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за нормално и безбедно функционирање на сообраќајот.

Приоритетот се одредува согласно:

- Густината на населеноста на делови од градот;
- Фрекфенцијата на луѓе и моторни возила;
- Нормално функционирање на објектите кои се од витално значење на општината
- Видот и бројот на инфраструктурни објекти;

Посипувањето на голомразица со сол во услови кога нема снежни врнежи се врши по приоритет, на критичните точки на општинските патишта и улици, кои се препознаваат како такви од претходното искуство.

### 4.2 ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

Одржувањето на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Велес во зимски услови се врши со ангажирање на:

- Механизација
- Специјални машини и опрема,
- Работна сила и
- Средства (сол, песок и ладен асфалт)

Во случај на зголемена потреба ќе се ангажира и дополнителна градежна оператива.

Извршувањето на активностите за зимско одржување опфаќа четири степени на подготвеност на кои треба да се усогласат правните лица избрани во постапка на спроведен тендер и тоа:

ПРВ СТЕПЕН – Првиот степен опфаќа подготвеност на персоналот и опремата во прифатлив број, со цел тимовите за зимско одржување бидат спремни за интервенција во секое време.

ВТОР СТЕПЕН – опфаќа подготвеност за интервенција на тимови за зимско одржување со чистење, посипување со сол и сите останати активности за зимско одржување кога температурата осцилира околу 0 степени со можност од врнежи од снег и појава на мраз.

ТРЕТ СТЕПЕН – опфаќа подготвеност за постојна интервенција, во случај кога има подолго време на паѓање на снег.

ЧЕТВРТ СТЕПЕН – опфаќа подготвеност за интервенција во вонредни ситуации, каде вкупниот број на тимовите за интервенција не може да ги покрие сите потреби и треба да се повика додатна екипа за работа.

## 5.НАДЗОР

Надзор над спроведување на оваа програма, врши надлежниот орган во Општина Велес.

Надзор над количината и квалитетот на извршените работи и одобрени количини за извршени работи врши надзорен орган, предходно избран во тендерска постапка.

## 6. Инспекциски надзор

Инспекциски надзор согласно законските одредби и овластувања вршат:

**6.1 Овластен комунален инспектор**

- Врши инспекциски надзор на чистењето на јавно прометните површини во зимскиот период согласно Законот за јавна чистота

6.2 Овластен инспектор за патишта

- Врши инспекциски надзор согласно Законот за јавните патишта на општинските патишта и улици

**6.3 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР ЗА ПАТИШТА**

- Врши инспекциски надзор согласно Законот за јавните патишта

**7. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/7
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.325**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/7
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година**

1.Советот на Општина Велесја донесе Програмата за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/8
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година**

**Член 1**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.17/23, 18/23, 1/24, 8/24, 9/24 и 10/24), во Главата „IV. Табеларен приказ на активностите и финансиските средства на програмата“, во табелата, по реден број „18“ се додава нов реден број „19“ кој гласи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. | Проектот „Креативни можности во туризмот“ (CounT).<br>ИПА - ИНТЕРРЕГ Програма за прекугранична соработка со Република Грција | 0 | 9.280.750,00 | 9.280.750,00 |

2. Во редот „Вкупно“, во колоната „Надворешни фондови“ износот „46.027.104,00“ се заменува со износот „55.307.854,00“.

3. Во редот „Вкупно“, во колоната „Вкупно“ износот „97.931.349,00“ се заменува со износот „107.212.099,00 “.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/8
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.326**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување План на Програма за развој (Партерно уредување на Плоштад и изградба на подземна катна гаража – фаза 1)**

Се објавува Заклучокот за донесување План на Програма за развој (Партерно уредување на Плоштад и изградба на подземна катна гаража – фаза 1), што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/8
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување План на Програма за развој (Партерно уредување на Плоштад и изградба на подземна катна гаража – фаза 1)**

1.Советот на Општина Велесго донесе Планот на Програма за развој (Партерно уредување на Плоштад и изградба на подземна катна гаража – фаза 1).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/9
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за други комунални услуги | Ознака на буџетска/општинска програма | ЈЛ |
| Развојна потпрограма | ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПЛОШТАД И ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМ | Ознака на развојна потпрограма | ЈЛЕ |
| Лице за контакт | Славче Велков и Јадранка Илијева | Тел. и телефакс | 078-408-087<br>076-262-495 |
| Функција: | раоводител на одделение за комунални работи и сообраќај | Е-маил | |

| | ОПИС |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната | На дадената градежна парцела предвидено е едно интегрално тело со трапезоидна (неправилна) форма површина од 1508 м2. Објектот се предвидува да се изведува под кота на теренот, во чијшто габарит по вертикала се распоредени три нивоа сите под котата на теренот. Во рамките на ниво на терен на последното ниво предвидено е плато, партерно уредено, поплочено со имплементирање ниско и високо зеленило интегрирано со урбана опрема. Бројот на обезбедени паркинг места е 100 возила од кои три се возила за лица со посебни потреби и две се предвидени за електрични возила. Соодветно на потребата и обезбедување на 100 паркинг места е решен пристапот во гаража и внатрешниот сообраќај во објектот со периметрално бочно поставена една рампа за влез и излез. Вертикалниот пристап на посетителите е организиран во едно комуникациско јадро, интегрирано во основниот габарит. Движењето е организирано со вертикални комуникации- скали и лифт во кои се лоцирани и санитарии за корисниците. Скалите се во самите јадра, истите се трокраки со подести и централно поставен лифт. Пристапот од ул. Гоце Делчев би бил споредеН преку партерни скали со кој полесно би се овозможило гравитирање на вработените во деловните простори кон платото.<br><br>Со овој проект „ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПЛОШТАД И ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМНА КАТНА ГАРАЖА – ФАЗА 1" предвиденое е изведба на градежна јама со цел да се обезбеди безбеден ископ и безбедно изведување на градежните активности за изградба на подземна катна гаража. |

| | |
|---|---|
| потпрограма) | При реализацијата на Фазата 1 од основниот проект, опфатени се следните активности: подготвителни работи, земјени работи, бетонски и армирано-бетонски работи, армирачки работи, како и расчистување на теренот, машински ископ на земја, машинско валирање на дното на јамата, насипување на земја околу објектот, набавка, транспорт и монтажа на потребните материјали, бетонирање со вклучени додатоци во бетонот за водонепропусност и набавка, транспорт, спремање и уградување на ребраста арматура. |
| Планирани активности | Изведбата на заштита на градежната јама ќе се врши во неколку подфази, и тоа:<br>Фаза 1.1 – ископ од ≈1м за формирање на плато за изведба на АБ колови<br>Фаза 1.2 – изведба на АБ колови (бушење , по потреба и бушење со користење на заштитна челична цевка со цел да се спречи обрушување на материјал во бушотината. Контрола дали е постигната бараната т.е проектираната длабочина на колот. Внимателно поставување на арматурниот кош во бушотината. Бетонирањето да се врши со пумпа, постепено од мала висина во колот, со цел да се спречи сегрегација на бетонот. Вибрирање со тенка игла соодветно на условите. Да се води градежен записник за изведба на секој кол.)<br>Фаза 1.3 – ископ до кота -5.0м од горната кота на АБ колови<br>Фаза 1.4 – Изведба на првиот ред на анкери (конечно усвоено решение). Бушење и изведба на анкерите од специјализирана фирма, со строго контролирани услови на бушење и изведба на самиот анкер. Задолжително да се води градежен записник за секој анкер.<br>Фаза 1.5 – ископ до кота -8.0м од горна кота на АБ колови<br>Фаза 1.6 – Изведба на вториот ред на анкери<br>Фаза 1.7 – ископ до кота на темелење. (потоа изведба на тампонирачки слој согласно основниот проект за објектот).- Објава на јавен повик;<br>Почетокот на имплементација е<br>- Избор на најповолен економски оператор;<br>- Имепелментација на проектот:<br>1. ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ – вклучително заштита на градежна јама<br>2. ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ<br>3. БЕТОНСКИ И АРМИРАНО-БЕТОНСКИ РАБОТИ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Целта на проектот е преку изградба на подземна катна гаража да се намали сообраќајната гужва во централното градско подрачје и да се обезбеди паркинг простор за 100 возила. Со партерно уредување би се изградил плоштад со амбиент атрактивен за секоја генерација. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Појава на подземни води поради близина на река Вардар и симнување на голема длабина под кота на терен, можност од обрушување на земјани маси и др. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 25.11.2024 год. | | | | |
| Датум на завршување на проектот | март 2026 | | | | |
| Вкупна вредност | 132.025.324,00 денари | | | | |
| Име на студија | ОСНОВЕН ПРОЕКТ ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПЛОШТАД И ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМНА КАТНА ТЕХНИЧКИ БРОЈ 01182-03/21, Март 2021 година | | | | |
| Ниво на студија* | ГП Основен проект | | | | |
| Автор/Фирма, седиште | СТУДИО ЛИНЕА ТРИ ДОО Велес со седиште на ул.Димитар Влахов број 27 Велес | | | | |
| Датум на изготвување на проектна документација | авг.21 | | | | |
| | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | | 0 | 118.822.792,00 | 13.202.532,00 | |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот

ИП = Идеен проект

ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија

ФС=Физибилити студија

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Целта на проектот е преку изградба на подземна катна гаража да се намали сообраќајната гужва во централното градско подрачје и да се обезбеди паркинг простор за 100 возила. Со партерно уредување би се изградил плоштад со амбиент атрактивен за секоја генерација. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Појава на подземни води поради близина на река Вардар и симнување на голема длабина под кота на терен, можност од обрушување на земјани маси и др. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 25.11.2024 год. | | | | |
| Датум на завршување на проектот | март 2026 | | | | |
| Вкупна вредност | 132.025.324,00 денари | | | | |
| Име на студија | ОСНОВЕН ПРОЕКТ ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПЛОШТАД И ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМНА КАТНА ТЕХНИЧКИ БРОЈ 01182-03/21, Март 2021 година | | | | |
| Ниво на студија* | ГП Основен проект | | | | |
| Автор/Фирма, седиште | СТУДИО ЛИНЕА ТРИ ДОО Велес со седиште на ул.Димитар Влахов број 27 Велес | | | | |
| Датум на изготвување на проектна документација | авг.21 | | | | |
| | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | | 0 | 118.822.792,00 | 13.202.532,00 | |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| | | Динамика на финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извор на финансирање** | **Статус на финансирање*** | **Вкупен износ на проектот во МКД** | **Потрошено заклучно со 31/12/2023** | **Предвидени расходи за 2024** | **2025** | **2026** | **2027** | **По 2027 година** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (637) | | | | 0 | 118822792 | 13202532 | | |
| Буџетско учество | | | | | | | | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Самофинансирање (787) | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупни заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | 0 | 118822792 | 13202532 | | |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот ( локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

*Број 25-4529/9*
*18.11.2024 година*
*Велес*

*Претседател*
*на Советот на Општина Велес*
*Даниел Јаневски*

**Бр.327**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување План на Програма за развој (Регулација на река Вардар во должина од 253м на потег од под Мало мовче до под Стар мост)**

Се објавува Заклучокот за донесување План на Програма за развој (Регулација на река Вардар во должина од 253м на потег од под Мало мовче до под Стар мост), што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/9
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**ЗА К Л У Ч О К**
**за донесување План на Програма за развој (Регулација на река Вардар во должина од 253м на потег од под Мало мовче до под Стар мост)**

1.Советот на Општина Велесго донесе Планот на Програма за развој (Регулација на река Вардар во должина од 253м на потег од под Мало мовче до под Стар мост).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/10
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за други комунални услуги | Ознака на буџетска/општинска програма | ЈЛ |
| Развојна потпрограма | Регулација на река Вардар во должина од 253м на потег од под Мало мовче до под Стар мост | Ознака на развојна потпрограма | ЈЛД |
| Лице за контакт | дги Снежана Дервишова и дги Веса Смилева | Тел. и телефакс | 043-232-406 |
| Функција: | советници во одделение за комунални работи и сообраќај | Е-маил | snezana.dervisova@veles.gov.mk |

| | ОПИС |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Општа цел: Планот за урбана мобилност во Велес го препознава брегот на река Вардар како важен јавен простор со туристички потенцијал . Довршување на кејот на река Вардар од местото каде завршува моменталната изведба што ја изведува економскиот оператор Делта Пром до Стар мост ( со потегот под стар мост). Со доградба ќе се добие уреден речен брег кој може да се користи како туристичка атракција како и поддршка на нови иновативни идеи за туристички бизниси.Со реализација на проектот ќе се добие обновен брег на река во Вардар со неколку поставени киосци за уметнички и занаетчиски бизниси.<br>Специфична цел 1:Подобрување на состојбите со брегот на река Вардар со изградба на кејот на десниот брег во вкупна должина од 253м за период од 24 месеци со почеток на отплата во октомври 2024 и завршување со отплата во септември 2026 година.<br>Специфчна цел 2:Зголемување на искористеност на брегот на река Вардар за 20 % од моменталното искористување за рекреација на граѓаните бидејќи ќе има 453м кеј на реката од едната страна и 140м од спротивната. Со изградба на кејот ќе се добие нов лик на тој дел од градот. Специфчна цел 3:Организирање на спортски манифестации кајак на брзи води и др. Специфчна цел 4:Зачувување на занаетите во изумирање. |

| | |
|---|---|
| Планирани активности | Програмата ги предвидува следните планирани активности:<br>Превземање на сите претходни припремни, земјани, бетонски, армирачки, каменорезачки и браварски работи |

| | |
|---|---|
I. Градежен реон на градот

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ***За станбени објекти*** (индивидуални и колективни) | 2.152,00 ден./м$^2$ |
| | станбени простории | Коефициент 1,0 |
| | станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор | Коефициент 0,2 |
| | лоѓија затворена од три страни | Коефициент 0,4 |
| | подлоѓија затворена од две страни | Коефициент 0,3 |
| | балкони, тераси | Коефициент 0,2 |
| | заеднички проодни тераси, пасажи | Коефициент 0,2 |
| | помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | Коефициент 0,3 |
| | трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | Коефициент 0,3 |
| | скалишен простор и заеднички комуникации | Коефициент 0,3 |
| | стражарници, управител, просторија за домар | Коефициент 0,5 |
| | паркиралишта и гаражи | Коефициент 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | ***За деловни и јавни објекти*** | 2.152,00 ден./$м^2$ |
| | простории | Коефициент 1,0 |
| | магацини | Коефициент 0,5 |
| | помошни простории, остава за гориво, котлара | Коефициент 0,3 |
| | трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот | Коефициент 0,4 |
| | скалишен простор и заеднички комуникации | Коефициент 0,5 |
| | паркиралишта и гаражи | Коефициент 0,1 |
| | лоѓија затворена од три страни | Коефициент 0,5 |
| | подлоѓија затворена од две страни | Коефициент 0,4 |
| | балкони, тераси | Коефициент 0,3 |
| | отворен наткриен простор | Коефициент 0,3 |
| 3. | ***За други објекти*** | 2.152,00 ден./$м^2$ |
| | катна гаража | Коефициент 0,05 |
| | спортски покриени објекти | Коефициент 0,5 |
| | спортски откриени објекти | Коефициент 0,3 |
| | гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата | Коефициент 1,0 |
| | отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата | Коефициент 1,0 |
| | базени | Коефициент 0,2 |
| | трафостаница над 35 Кв | Коефициент 1,0 |
| 4. | ***Производство, дистрибуција и сервиси*** | 1.765,00 ден./$м^2$ |
| | Г1 тешка и загадувачка индустрија | Коефициент 0,05 |
| | Г2 лесна и незагадувачка индустрија | Коефициент 0,01 |
| | Г3 сервиси | Коефициент 0,01 |
| | Г4 стоваришта | Коефициент 0,01 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | ***Бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто се рвиси, авто салони, помошни простории)*** | 1.765,00 ден./м$^2$ |
| | продажни простории на бензиските пумпни станици | Коефициент 1,0 |
| | услужни простории на бензиските пумпни станици | Коефициент 1,0 |
| 6. | ***Угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралиш та, хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом*** | 1.765,00 ден./м$^2$ |
| | сите простории | Коефициент 0,05 |
| 7. | ***За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица*** | 2.152,00 ден./м$^2$ |
| | сите простории | Коефициент 0,05 |
| 8. | ***За објекти за високо образование*** | 2.152,00 ден./м$^2$ |
| | сите простории | Коефициент 0,5 |
| 9. | ***За објекти за култура*** | 2.152,00 ден./м$^2$ |
| | сите простории | Коефициент 0,01 |
| 10. | ***За објекти за терцијална здравствена заштита*** | 2.152,00 ден./м$^2$ |
| | сите простории | Коефициент 0,05 |
| 11 | "За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, е производ од 50% од површината на градежната парцела, помножена со 7.323,00 ден. (цена од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за 2023 година ден) и со коефициент 0,01" | |

По исклучок на горе наведените коефициенти во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на:
-инсталационите канали,
-окната за лифтови,
-окна на врати,
-отворени паркиралишта,
-подземни резервоари и
-објекти заштитени како културно наследство.

За останатите неспомнати објекти важи Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост уреденост ( Сл. Весник на РМ бр. 193/2016 и 72/2018).II.
Останати урбани единици
Во урбаните единици од табелата подоле пресметката на комуналии се врши врз основа на коефициентите кои се наведени во неа помножени со коефициентите за соодветните видови на простории од табела I (точка 1, точка 2 и точка 6)

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Урбани единици за кои е донесен ДУП и во кои е извршено делумно уредување на градежното земјиште<br><br>УЕ1 на езеро „Младост" и Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4 - времено сместување-викенд населба- во КО Башино село и КО Новачани<br><br>- со третман на станбени објекти и<br>УЕ2 на езеро „Младост" | 1,63 |
| 2 | Урбани единици за кои е донесен ДУП и во кои е извршено делумно уредување на градежно земјиште дел од УБ 16, дел од УБ 19 и УБ 20 УЕ II м.в.Трпезица КО Велес и Населба Речани | 1.00 |
| 3. | Урбани единици во кои е извршено делумно уредување на градежно земјиште :<br>- населба Керамидна: | 1.00 |

Во останатите урбани единици и населени места во кои има донесено урбанистичка документација висината на основицата на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 1.765,оо денари, според видот и процентуалниот соодност на објектот (согласно Правилникот), а со примена на следниве коефициенти:

| **III**. Останати урбани единици и населени места | | |
|---|---|---|
| 1. | Објекти со намена Г во останати урбани единици и населени места: | 0.05 |
| 2. | Урбани единици за кои има донесено урбан. документација:<br>- Отовица . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .<br>- Г. Оризари . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .<br>- Иванковци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .<br>- Каласлари . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .<br>- Башино село | <br><br>0.50<br>0.26<br>0.32<br>0.26<br>0.49 |
| 3. | Населени места опфатени со општ акт за населени места . | 20% |

Во урбаните единици за кои што нема донесено детални урбанистички планови а издавањето на услови за градба се врши врз основа на урбанистички проект, при пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се наплатува 20% за основна инфраструктура и ќе се применува табелата за дополнително опремување на градежното земјиште.

При пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште учеството на поедините елементи на дополнителното опремување на градежното земјиште, кои учествуваат со 80% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, е следното:

При пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште учеството на поедините елементи на дополнителното опремување на градежното земјиште, кои учествуваат со 80% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, е следното:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на генерални, детални урбанистички планови, урбанистичка документација, проектна документација и надзор | 5,00 % |
| 2 | Изградба на улици<br>- пробивање . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .<br>- изградба на долен строј . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .<br>- изградба на горен строј . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | <br>9,00 %<br>9,25 %<br>24,25 % |
| 3 | Изградба на фекална канализација | 7,00 % |
| 4 | Изградба на водоводна мрежа | 8,00 % |
| 5 | Изградба на улично осветлување | 3,50 % |
| 6. | Подземна електрична мрежа | 5,00% |
| 7. | Атмосверска канализација | 9,00% |
| | Вкупно: | 80,00 % |

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 80 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Советот на Општина Велес може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објект од јавен интерес или за објект во индустриска зона по претходно доставен бизнис план со точно дефиниран број и динамика на остварени вработувања.

Општината Велес при наплатувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе ги рефундира вложените средства на лицата кои во изминатиот период финансирале во изработката на деталните урбанистички планови , само во случај кога е во прашање општ јавен интерес и ако тоа било предвидено со тогашната програма.

. При реконструкција со која не се добива нова станбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на следниот начин:

- За расчистувањето на градежни парцели за објекти од комунална инфраструктура за индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка, проектирањето и изградбата објекти од комунална инфраструктура и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште на ниво на Општина Велес, врз Основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласно член 6 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ( Сл. весник на РМ бр. 193/2016 и 72/2018).
- За секој вид на простор неопфатен од одредбата на член 4 став 1 надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со оваа Програма.
- Просториите во поткровниот простор кај коси покриви на објектот и со надѕид на фасадните ѕидови до 1,50 м сметано од подот до почетокот на косината, корисната површина се пресметува со коефициент 0,2.
- За паркиралишта во рамките на објект, корисната површина се множи со коефициент 0,1

- Висината на Основицата за одредување на упросечените трошоци (што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината) ќе биде еднаква на основицата постигната на 31.12.2023 год. во денари/м$^2$ нето изградена површина, а ќе се усогласува со промената на цените на мало.

Корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во Општината.

Доколку не добие согласност од комуналното претпријатие по писмен пат, Општината ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка се наплатува по упросечени цени.

**6. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА,**

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и извод од урбанистички план и согласности.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор и за пренамена од друг вид простор (административно - деловен, производен и објекти од јавен карактер), во станбен простор не се наплатува.

Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во предходниот период, за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување - целосен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП, и не е изградена секундарната инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на општината да и надокнади за порано направените трошоци во висина од 20%(основна инфраструктура) од надоместокот за уредување на градежно земјиште да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест; односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на општината без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за локациски услови, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Велес и во меѓувреме се поништени решенијата за локациски услови, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето. За истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ - дека во предходниот период документацијата му била поништена.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината,

, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат “прагови” врзани во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниов начин:

* За вкупен износ на надоместокот до 50.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договорот во целост.
* За вкупен износ на надоместокот од 50.000,оо до 150.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

  За вкупен износ на надоместокот над 150.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 30% при склучување на договорот, а остатокот од 70% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата, каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежно земјиште .

## 6. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општината ја финансира изработката на техничка документација за инфраструктурни објекти.

Во изработката на претходно наведената документација може да се вклучат и заинтересирани правни и физички лица според важечката законска регулатива.

## 7. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од priливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Велес. Доколку се врши прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ до 5 % да го информира Советот на општина Велес, а за поголемо прераспоредување на средства да предложи донесување на одлука од страна на Советот на општина Велес.

Комисијата за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/14
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.332**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/14
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/15
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на општина Велес, на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година**

I. Општините во своја надлежност вршат работи од локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство согласно Законот за локалната самоуправа.

II. Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности, со кои би се создале услови за одржлив локален развој како и поквалитетен начин на живот на граѓаните од подрачјето на општина Велес.

Програмата е заснована врз потребите и приоритетите на нашите граѓаните кои се нотирани во Стратегијата за локален економски развој 2021-2025, Програма за енергетска ефикасност, План за одржлива урбана мобилност,

Стратегија за развој на паметен град и др., изготвени на партиципативен начин/модел со учество на сите засегнати страни, особено со непосредно учество на граѓаните во процесот на планирање, креирање и одлучување (форумски процес), како и во соработка со месните и урбаните заедници, бизнис заедницата, невладините организации и други асоцијации.

III. Одделението за евроинтеграции и локалниот економски развој е одговорно за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој, во која предложените активности ги насочува кон остварување на усвоените стратешки документи на општината, преку следните приоритети и цели:

- Континуиран развој на капацитетите на општина Велес за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината;
- Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови;
- Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Велес;
- Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства;
- Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови;
- Континуирано подобрување на енергетската ефикасност;
- Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти и
- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

Програмата може да се изменува и да се дополнува според утврдени приоритети и цели.

IV. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во оваа програмска активност се опфатени малите и средни претпријатија и занаетчиите, кои претставуваат битна алка во економскиот развој поради што потребно е континуирано да се изнаоѓаат нови стимулативни мерки за нивната поддршка. Поддршката во развојот на МСП и занаетчии, се планира да се реализира со издавање на информативен материјал и публикации со кои ќе се промовира и економскиот потенцијал на општината, со одржување на локални саеми за промоција на постојните капацитети во општината и можност да најдат нови пазари за подобрување на својата конкурентност. Со одржување на локални саеми ќе имаат можност и за склучување на нови партнерства, вмрежување и соработка со други вршители од сродните дејности, како и промоција на традиционалната култура, обичаите, храната и слично.

V. СРЕДСТВА ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО ИМПЛЕМЕТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Во оваа програмска активност се предвидуваат средства за сопствено учество во проекти на општината, кои се финансирани од надворешни извори (домашни и/или меѓународни програми, домашни и/или странски институции или фондови). Според утврдените правила за аплицирање на одредени проекти се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество како услов за аплицирање за одреден проект.

VI. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИИ

Во оваа програмска активност се предвидува преку субвенционирање на обуки, кои ќе ги реализираат регистрирани занаетчиите, да се постигне подигнување на вештините и знаењата на младите и на невработените лица (преквалификација и доквалификација). Оваа мерка за субвенционирање на обуки ќе овозможи започнување на сопствени занаетчиски бизниси во областа на гастрономија, туризам, трговија, производство, дизајн, сликарство, автомеханичарство и сл. Постапката, начинот и условите за користење на субвенции ќе бидат уредени со посебен Правилник. Заинтересираните граѓани по стекнувањето со вештините, ќе имаат можност за самовработување преку регистрирање на дејност – занаетчиство, односно ќе можат да ги користат и предностите од нивното регистрирање како занаетчија во Регистарот на занаетчии.

VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА УРБАНИ И *МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ* ЗА МИКРОПРОЕКТИ

Оваа програмска активност се предвидува како форма на стимулирање на партиципативноста на локалното население што претставува ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците за решавање на мали инфраструктурни проблеми, како и реализација на развојни идеи. Реализацијата на оваа активност ќе се одвива исклучиво со поддршка на месните заедници. Активноста ќе се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за избор. Оваа активност ќе биде базирана на две тематски подактивности:

- Финансирање на микропроекти за уредување на јавни површини, сокаци, одводни канали и сл. и
- Финансирање на микропроекти за естетско и хортикултурно уредување на јавни површини и урбана опрема (цвеќиња, садници, паркови, детски игралишта, спортско-рекреативни површини...).

VIII. Табеларен приказ на активности и финансиски средства од програмата

| | ПРОГРАМА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2025 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.Б. | Активност | Буџет на Општина Велес | Надворешни фондови | Вкупно |
| 1. | Проект Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје) | 1.798.530,00 | 12.503.393,00 | 14.301.923,00 |
| 2. | Мерки за енергетска ефикасност - Субвенционирање на сончеви колектори | 500.000,00 | 0 | 500.000,00 |
| 3. | Поддршка на Центарот за развој на ВПР | 500.000,00 | 0 | 500.000,00 |
| 4. | Европска недела на мобилност | 50.000,00 | 0 | 50.000,00 |
| 5. | Поддршка на ЛАГ | 8.000,00 | 0 | 8.000,00 |
| 6. | Одвод на урбани отпадни води во населба Речани – крак 2 и крак 4 | 857.935,00 | 5.000.000,00 | 5.857.935,00 |
| 7. | Подготовка на техничка документација за изградба на велосеипедски и пешачки патеки | 0 | 3.877.772,00 | 3.877.772,00 |
| 8. | Биро за регионален развој (Реконструкција на спортско игралиште - населба Тунел) | 2.362.200,00 | 3.386.949,00 | 5.749.149,00 |
| 9. | Реконструкција на водоводна линија на дел од улицата Питу Гули | 660.480,00 | 0 | 660.480,00 |
| 10. | Поставување на фотнапонски панели на библиотека Гоце Делчев | 1.000.000,00 | 0 | 1.000.000,00 |

IX. Активностите на Општина Велес од областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, странски и домашни донатори, фондови и донации.

X. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/15
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.333**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/15
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2025 година**

1.Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт – програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2025 година

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/16
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 2, член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21) ,а по предлог на Градоначалникот

Советот на општина Велес, на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2025 година**

**I. Цели**

- Воспоставување интегриран мониторинг за утврдување на квалитетот на водите во општината;
- Спроведување Оцена на влијанието врз животната средина при изведба на инфраструктурни проекти и урбанистички планови кои ги донесува општината;
- Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината преку зголемено искористување на еколошки прифатливи извори на енергија и зголемена употреба на велосипедот како превозно средство;
- Подобрување на постојниот систем за управување со отпадот во општината преку имплементација на мерки за редуцирање, реупотреба и рециклирање на отпадот;

-

I. **Активности**

1. **Мониторинг на квалитетот на водата на локациите за капење** – езеро Младост, река Тополка и река Бабуна, согласно Законот за водите.

2. **Изработка на проектна документација за животната средина:**

   - Елаборати за заштита на животна средина за инсталации, инфраструктурни објекти и други проекти во надлежност на општината,

3. **Согласно Планот за подобрување на квалитет на амбиентниот воздух 2023-2027**, а кои се однесуваат на:

   - субвенционирање на физички лица за купен велосипед,

   - субвенционирање на физички лица за купен клима уред инвертор,

4. Спроведување на активности за подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на запуштени зелени површини во општината согласно **Програма за подигнување на нови зелени површини за 2025 година,** како и набавка на саден материјал за пролетно и есенско хортикултурно уредување на општината.

5. **Изготвување на оперативен план /програма за заштита на водите,** согласно препораките и насоките на Координативното тело за заштита и спас на езерото Младост.

6. Врз основа на склучен Договор со ПАКОМАК , а согласно Проектна документација за поставување на Вендинг машина во општина Велес во интерес на младите на општина Велес со цел намалување и рециклирање на отпадот од пластична амбалажа.

| | Проект | Финални средства |
|---|---|---|
| P10 | **Заштита на животната средина и природа** | **5.470.000,00** |
| 1 | Анализа на квалитет на водите | 90.000,00 |
| 2 | Проектна документација за животна средина | 60.000,00 |
| 3 | Субвенционирање на физички лица за купен велосипед и купен инвертор – дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух | 650.000,00 |
| 4 | Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување | 2.520.000,00 |
| 5 | Оперативен план/програма за заштита и спасување од штетно дејство на водите | 50.000,00 |
| 6 | Ангажирање на социјално ранливи категории на граѓани во активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило во општина Велес | 2.000.000,00 |
| 7 | Трансфер на финансиски средства за надомест на одложена амбалажа во Вендинг машини на Пакомак- согласно Проектна документација за потребите на младите од Општина Велес на Агенцијата за млади и спорт на РСМ | 100.000,00 |
| **РА0** | **Заштита на животната средина и природа (капитални расходи)** | **2.000.000,00** |
| 1 | Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на зелени површини – согласно Оперативната програма за реконструкција и подигнување на нови зелени површини | 2.000.000,00 |
| **ВКУПНО:** | | **7.470.000,00** |

## I. ФИНАНСИРАЊЕ

7.470.000,00 ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година, од надоместокот за поседување на Б-Интегрирани еколошки дозволи, Дозволи за усогласување со оперативен план, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини и од други такси и надоместоци.

## II. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/16
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.334**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/16
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за одржување на**
**јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/17
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 2, член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ” бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 45 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а во врска со член 5 од Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 16/08, 3/11), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕСВО 2025 ГОДИНА**

**I. СТРАТЕШКА ЦЕЛ**

Програмата на Општина Велес за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

**II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Општа цел на Програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа програма:

- Се утврдува територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти;
- Се утврдуваат основните начини на вршење на работите за одржување на јавната чистота;
- Се утврдува надзор во спроведувањето;
- Се утврдува начинот на финансирање.

### III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес ќе ги опфати: јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, крајбрежја, подвозници, надвозници, мостови, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски стојалишта и такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли и пазари).

Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градското зеленило не е дел од оваа Програма, туку дел од Програмата за одржување на јавното зеленило.

Во спроведувањето на Програмата се изведуваат следните активности:

- рачно и машинско метење на јавните површини,
- миење на јавните површини со цистерна,
- собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија,
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови и
- вонредно одржување.

Согласно Програмата ќе се врши метење на: улици,паркинг простори, плоштади, мостови, видиковци, надвозници и подвозници, пристапни патишта кон градот, јавни скалила кои поврзуваат две улици, крајбрежја, јавни санитарни јазли, пазари и гробишта, автобуски стојалишта и такси станици; миење на улици и паркинг простори; рачно чистење на снег и мраз во зимски услови; со вкупна ефективна површина на одржување од **15.724.192м$^2$.**

### IV. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавната чистота ќе ја изведува ЈКП “Дервен”, преку Сектор Комунална хигиена.

### V. АКТИВНОСТИ

При утврдување на јавните површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма земени се во предвид: густината на населеност, фреквенцијата на граѓани и сообраќај, социјалните, културните и воспитно-образовните објекти.

### VI.ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

**VI.1. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ**

1. МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ

А. Метење на улиците секој ден
Од 06.00 – 13.00 часот во зимски период
Од 04.00 – 11.00 часот во летен период

Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици дополнително од 18.00-21.00 часот.

| **УЛИЦА** | **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** **рачно метење ($м^2$)** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** **машинско метење ($м^2$)** |
|---|---|---|---|
| 8 - ми Септември | од Пошта до Стар мост | 1300 | / |
| 8-ми Септември | Од левата страна тротоар од јавор С`рмааледо Стар мост | / | 2100 |
| Страшо Пинџур | / | 100 | 200 |
| Гоце Делчев | / | 200 | 300 |
| Благој Ѓорев | од Пошта до магацин Дервен, плато пред театар и пред кафетериипред касарната од двете странина улицата | 2200 | 6435 |
| **Вкупно** | | **3800** | **9035** |

Б. Метење на улиците секој ден освен во недела
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.
Метењето на ул. Петре Прличко и Димитар Влахов во пазарни денови (вторник, петок и недела) започнува од 12.00 – 19.00 часот.

| УЛИЦА | ОПИС | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$) | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење ($м^2$) |
|---|---|---|---|
| Алексо Демниевски | од Пошта до Жито Вардар | / | 800 |
| Илинденска | до мост Гемиџии | 300 | / |
| Петре Прличко | од Стар мост до пред Агенција за вработување | 713 | / |
| Димитар Влахов | од Градски пазар до Железен мост | 1450 | 1450 |
| Панко Брашнар | / | / | 360 |
| Комплекс УЗУС | / | 700 | / |
| **Вкупно** | | **3163** | **2610** |

В. Метење на улиците три пати седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.
Метењето на ул. Нада Бутникошарова и на ул. 11 Октомври во пазарни денови (вторник, петок и недела) започнува од 12.00 – 19.00 часот.

| УЛИЦА | ОПИС | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$) | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење ($м^2$) |
|---|---|---|---|
| Борис Трајковски | од спој со ул. АСНОМ до спој со ул. Благој Ѓорев | / | 1400 |
| Христо Татарчев | / | 800 | / |
| Никола Карев | / | 700 | / |
| Наум Наумовски Борче | од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. Благој Ѓорев | / | 400 |
| Нада Бутникошарова | дел | 300 | / |
| 11 Октомври | Од пазарче во Нова населба до пред споменик Бауман | 1000 | 1000 |
| **Вкупно** | | **2800** | **2800** |

Г. Метење на улиците два пати седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

| **УЛИЦА** | **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** рачно метење ($м^2$) | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** машинско метење ($м^2$) |
|---|---|---|---|
| Лазо Осмаков и дел од Љубљанска | Љубљанска со нов паркинг простор од спој со ул. Рилски конгрес до раскрсница со ул. Благој Ѓорев | 2875 | / |
| Архиепископ Михаил | / | 1000 | / |
| Браќа Капчеви со плоштадка и паркинг | / | 500 | / |
| Коле Цветков | / | 2500 | |
| **Вкупно** | | **6875** | **/** |

Д. Метење на улиците еднаш седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

| **УЛИЦА** | **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** рачно метење ($м^2$) | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** машинско метење ($м^2$) |
|---|---|---|---|
| Самоборска | / | / | 450 |
| Кумановска | / | / | 600 |
| Коле Неделковски | / | 200 | / |
| 8-ми Март | Од Интернат до спој со ул. Андон Шурков | 1864 | / |
| **Вкупно** | | **2064** | **1050** |

Ѓ. Метење на улици еднаш месечно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

| **УЛИЦА** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м$^2$)** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење (м$^2$)** |
|---|---|---|
| Вардарска | / | 1700 |
| Цар Самоил | 240 | / |
| Тодор Христов Офицерчето | / | 600 |
| Крсте Мисирков | / | 400 |
| Георги Војтех | 250 | / |
| Оливер Китановски | / | 400 |
| Костурска | / | 870 |
| 8ма Велешка бригада | / | 300 |
| Тодор Јанев | / | 400 |
| Орце Мартинов (од ул. Благој Ѓорев до спој со ул. Самоборска) | 700 | / |
| Васил Главинов | / | 900 |
| Индустриска | / | 1200 |
| Ѓоре Органџиев (од Стар Мост до спој со ул. Никола Оровчанец) | 1000 | / |
| 9ти Ноември | 500 | / |
| Кочо Рацин | 200 | / |
| Белградска | / | 1500 |
| Луј Пастер | / | 1000 |
| Јован Алабаков | 150 | / |
| Вера Циривири (од спој со ул. Димитар Влахов со спој со ул. Киро Рогужаров) | 3200 | / |
| Киро Димов (Витамин) | 600 | / |

| | | |
|---|---|---|
| Славко Ѓорѓиев Сватот | 1100 | / |
| Васа Кошулчева (спој од ул. АСНОМ до ул. Алексо Демниевски) | 1500 | / |
| Павел Шатев | / | 1500 |
| Алексо Демниевски (од влез на Новиот театар со спој со ул. Алексо Демниевски) | 1246 | / |
| Бане Андреев Ронката | / | 600 |
| Љубен Весов | 800 | / |
| Христо Узунов | 250 | / |
| Киро Ќучук (од спој со Белградска до спој со Васил Главинов) | / | 400 |
| Жифко Фирфов | / | 4500 |
| Орце Шутев и ул.Јовче Чучук до спој со ул.Богдан Каракостев | 12836 | / |
| **Вкупно** | **18036** | **16270** |

Е. Метење на улици два пати месечно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

| **УЛИЦА** | **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење ($м^2$)** |
|---|---|---|---|
| Никола Оровчанец | / | 1000 | / |
| Методија Андонов Ченто | / | / | 1700 |
| Димко Најдов | од Стар мост до видиковец (вклучува и чистење на канал од десната страна на улицата) | / | 1000 |
| Алексо Демниевски | од Жито Вардар до Железничка станица | / | 1100 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Васил Ѓоргов | од раскрсница кон болница до Којник | 900 | / |
| АСНОМ | (до надвозник на ул. Андон Шурков) | / | 1600 |
| | | | |
| Кирил и Методиј | од ООУ Кирил и Методиј до црква Св. Пантелејмон | 500 | / |
| Шефки Сали | | 300 | / |
| Петре Прличко | Од Агенција за вработување до поранешен Пензионерски дом со скалила кон амбуланта Панче Васков | 577 | / |
| ЈХК Џинот | / | 300 | / |
| Прохор Пчински | / | 500 | / |
| Благој Ѓорев (зад БОС) | / | 1300 | / |
| **Вкупно** | | **5377** | **5400** |

Ж. Метење на улици четири пати годишно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

| **УЛИЦА** | **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** **рачно метење ($м^2$)** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** **машинско метење ($м^2$)** |
|---|---|---|---|
| АСНОМ | од надвозник до МХК Злетово | / | 6000 |
| Димче Мирчев | Од Ликовен салон до крај на гаражи | 742 | / |
| Индустриска зона (новопроектирана 1 и новопроектирана 10) | / | / | 810 |
| Пајак Планина | / | 2100 | / |
| Мирка Гинева | / | 1700 | / |
| Лазо Трпков | / | 1400 | |
| Спој на ул.Алексо Демниевски и ул.Благој Ѓорев | Кај библиотека Бели мугри | 215 | / |
| **Вкупно** | | **6157** | **6810** |

1.МЕТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

| **ПАРКИНГ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** **рачно метење ($м^2$)** |
|---|---|---|
| Паркинг до Основен суд | два пати седмично | 1500 |
Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ПРОМОЦИЈАТА, КОМУНИКАЦИЈАТА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ВО 2025 ГОДИНА**

**I. ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување промоција на Општина Велес во државата и странство;
- Обезбедување активен однос на Општина Велес кон потребите за информирање на населението;
- Сочувување на воспоставените меѓународни соработки и создавање услови за развој на нови.

## I. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа од областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработкаќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма:

- Сочувување на континуитетот на промовирање на Велес во културен, историски, економски, спортски и друг аспект;
- Реализирање на активности за информирање на населението
- Реализирање на јавни настани кои даваат посебно обележје на Општина Велес;
- Создавање услови за реализирање на работни посети Унапредување на меѓународната комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови и градовите пријатели на Општина Велес;
- Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот во локалните заедници;

**Активности на Општина Велес во областа на**
**ПРОМОЦИЈА, КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
**за 2025 година**

| | **НАЗИВ** | **ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА** |
|---|---|---|
| 1 | Изработка и печатење на промотивен материјал | 100.000,00 |
| 2 | Набавка на промотивни сувенири и подароци | 50.000,00 |
| 3 | Организација на јавни настани | 100.000,00 |
| 4 | Организирани работни посети во странство, посети на претставници од Општина Велес на збратимени градови и градови пријатели на Велес | 50,000.00 |
| 5 | Објавување соопштенија за јавност,известувања и изработка на аудио и видео материјали за промотивни цели | 50,000.00 |
| 6 | Непредвидени трошоци | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО** | 400.000,00 |

## I. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработкаутврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2025 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Велес ќе поддржи институции и граѓанските организации кои ќе реализираат проекти од областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка, финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

## II. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината. По потреба Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

## III. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка се следните:

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадар и опрема со која располага општината;
- Покровителство при надворешни проекти;
- Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување настани и реализирање на проекти од овие области.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Велес.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/20
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.338**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/20
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/21
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 7, точка 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А
## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО 2025 ГОДИНА

### I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Велес;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Велес;
- Создавање услови за развој на културата;
- Воведување нови форми на културно изразување.

### II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма:

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно – уметнички манифестации;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти кои даваат посебно обележје на Општина Велес;
- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Северна Македонија и странство во Општина Велес;
- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови и градовите пријатели на Општина Велес;
- Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;
- Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата.

| | | |
|---|---|---|
| **Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2025 година** | | |
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **МАНИФЕСТАЦИИ** | **13.450.000,00** |
| 1.1 | 62.Рацинови средби | 600.000,00 |
| 1.2 | 58.Детски Рацинови средби<br><br>Организатор-ЗГ Младинско драмско-поетско студио ПРЕМИЕРА Велес | 150.000,00 |
| 1.3 | 20.Интернационален фолклорен фестивал | 900.000,00 |
| 1.4 | Одбележување на значајни настани и личности | 400.000,00 |
| 1.5 | Фестивал на комедија „5ре“<br><br>Организатор- Здружение на граѓани „Плус- публика Велес“ | 800.000,00 |
| 1.6 | Фестивал на џез, ворлд и современа музика<br><br>Организатор-Здружение за култура, у метност и млади Арт Генератор | 600.000,00 |
| 1.7 | Фестивал на античка драма „Стоби“<br><br>Организатор – НУЦК театар „Ј.Х.К.-Џинот“ -Велес | 500.000,00 |
| 1.8 | 9. Ноември – Ден на Општина Велес | 800.000,00 |
| 1.9 | Фестивал на велешка пита и вино | 5.000.000,00 |
| 1.10 | Новогодишна свеченост и Новогодишен хепенинг | 600.000,00 |
| 1.11 | Озвучување, осветлување и цветни аранжмани за потребите на Општина Велес | 800.000,00 |
| 1.12 | Мотособир-<br><br>Организатор - ЗГ-Мото клуб „Носачи на крстот“ | 300.000,00 |
| 1.13 | Велешко лето 2025 | 1.200.000,00 |
| 1.14 | Непредвидени манифестации | 300.000,00 |
| 1.15 | Чествување на патронот и заштитникот на градот Велес - Св.вмч.Пантелејмон | 200.000,00 |
| 1.16 | Кино на отворено | 300.000,00 |
| **2** | **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ** | **100.000,00** |
| 2.1 | Негување на културата, традицијата и обичаите на заедниците | 100.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ИНВЕСТИЦИИ** | **500.000,00** |
| .1 | Изработка и поставување постаменти за скулптури и споменици | 500.000,00 |
| | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИ УСТАНОВИ** | **200.000,00** |
| .1 | Комунални трошоци во Ликовен салон и спомен куќи | 200.000,00 |
| | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **350.000,00** |
| .1 | ЗАМП | 200.000,00 |
| .2 | Непредвидени трошоци | 150.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **14.600.000,00** |

## I. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2024 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Министерство за култура на Република Северна Македонија;
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

## II. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината. По потреба Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

## III. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

За 9ти Ноември, Денот на Општина Велес се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на културата, спортот, свечена седница на Советот на Општина Велес и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

На свечената седница на Советот се доделуваат посебни награди и признанија:

- Награда за животно дело „Гемиџии“;
- Награда за најстудент „проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“;
- 9то Ноемвриски признанија;

Горе наведените признанија се доделуваат од Општина Велес по утврдени критериуми, а се финансираат од посебна ставка на Буџетот на Општина Велес.

## I. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

- Почесно покровителство на градот Велес;
- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадар и опрема со која располага општината;

- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации;
- Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од областа на културата.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Велес.

## I. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/21
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.339**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/21
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/22
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24 ), член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), член 157, став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11. 2024 година ја донесе следната

## ПРОГРАМА
## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО 2025 ГОДИНА

### I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;
- Создавање услови за развој на високото образование.

### II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2025 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Создавање на услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на третата фаза од Новиот концепт за развој на образованието;
- Создавање услови за отворање на нови високообразовни институции.

| Активности на Општина Велес за 2025 година | | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **2.552.000,00** |
| 1.1 | Прогласување најдобар наставник по одделенска и предметна настава од општинските основни училишта од Општина Велес | 45.000,00 |
| 1.2 | Прогласување најдобар наставник од општинските средни училишта од Општина Велес | 23.000,00 |
| 1.3 | Прогласување најдобар ученик од општинските основни училишта од Општина Велес | 17.000,00 |
| 1.4 | Прогласување најдобар ученик од општинските средни училишта од Општина Велес | 17.000,00 |
| 1.5 | Еднократна парична помош за прваче | 1.600.000,00 |
| 1.6 | Финансиска поддршка на ученици и ментори за освоено, прво, второ или трето место на државен или меѓународен натпревар | 850.000,00 |
| **2** | **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ** | **60.000,00** |
| 2.1 | Учество на Општина Велес во партнерски проекти | 30.000,00 |
| 2.2 | Учество на Општина Велес во активности за унапредување на мултикутурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција | 30.000,00 |
| **3** | **ТЕКОВНИ РАБОТИ** | **50.000,00** |
| 3.1 | Непредвидени трошоци | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **2.662.000,00** |

## 1 ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата во Буџетот на Општина Велес за 2025 година, Министерството за образование и наука на Република Македонија, сопствени приходи на училиштата и од донации.
При реализирање на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институции и граѓанските организации кои ќе реализираат проекти од областа на образованието, финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

## 2 ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес;

- Создавање услови за целосна опфатеност со интернатско сместување на учениците;
- Создавање услови за отворање повеќе високообразовни институции;
- Вклучување на општината во проекти на МОН, странски и домашни донатори.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес" и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/22
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.340**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/22
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4529/23
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 183, точка 8, алинеја 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник" на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19 и 146/19, 275/19, 311/20, 294/21,150/22 и 236/22) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2025 година**

**I. ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита;
- Одржување на социјалната сигурност на граѓаните;
- Спречување на социјалната исклученост;
- Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- Зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

**II. АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон преземање мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на социјално маргинализирани групи;
- Развој на социјални услуги;
- Поддршка на деца без родители и родителска грижа;
- Промовирање на родовата рамноправност;
- Грижа за старите лица,
- Реализација на активности по стратешки документи,
- Вклучување во партнерски проекти со министерства и граѓански организации.

| **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**<br><br>**Активности на Општина Велес за 2025 година** | |
|---|---|
| **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА** | **2.150.000,00** |
| Еднократна парична помош на социјално загрозени семејства | 1.500.000,00 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 600.000,00 |
| Поддршка на лица жртви на семејно насилство | 50.000,00 |
| **СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ** | **200.000,00** |
| Услуга помош и нега во домот – Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености - Велес | 50.000,00 |
| Услуга лична асистенција – Општинска организација на Црвен крст - Велес | 50.000,00 |
| Живеење со поддршка (мал групен дом, 10-лица) - Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености - Велес | 100.000,00 |
| **ОПШТИНА ПО МЕРКА НА ДЕТЕТО** | **200.000,00** |
| Поддршка на деца без родители на почетокот на учебната година | 100.000,00 |
| Поддршка на талентирани деца од социјално загрозени семејства | 50.000,00 |
| Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со посебни потреби | 50.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **4** | **СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И НВО** | **350.000,00** |
| 4.1. | Одржување на донираното возило на МОБИЛНОСТ во во зна состојба | 50.000,00 |
| 4.2. | Поддршка на активности на Општинска Организација на Црвен крст Велес | 50.000,00 |
| 4.3. | Печатење книги на брајово писмо – Здружение на слепи лица - Велес | 50.000,00 |
| 4.4. | Партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на де ца од предучилишна возраст, за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.(Согласно Законот за заштита на децата) | 50.000,00 |
| 4.5. | Кофинансирање во проектни активности - ОКР | 150.000,00 |
| **5** | **Активности за Родова еднаквост** | **100.000,00** |
| 5.1. | Кампања 16 дена активизам против родово базирано насилство – Организација на жени - Велес | 50.000,00 |
| 5.2. | Поддршка на сервис за психосоцијална поддршка на лица-жртви на семејно насилство- Организација на жени - Велес | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **3.000.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2025 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и Здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера за обезбедување на финансиски средства и друг вид на помош од:

- Министерството за социјална политика демографија и млади на Република Северна Македонија;
- Бизнис заедницата, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/23
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.341**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/23
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/24
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2025 година**

**I.ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на превентивната и примарната здравствена заштита;
- Изнаоѓање форми за промовирање на превентивната заштита и едукација;
- Изнаоѓање форми за едукација од епидемиски и пандемиски заболувања;
- Подобрување на здравјето на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни здрав живот на децата и младите во локалната заедница;

**II. АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита ќе бидат насочени кон поттикнување на превентивата, организирање едукативни предавања за заштита на здравјето, прегледи на населението во градот и населените места во функција на рано откривање на одредени заболувања, помагање за остварување на целите на оваа Програма.

| | ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА<br>Активности на Општина Велес за 2025 година | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| 1. | **ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ** | **3.175.000,00** |
| 1.1. | Третирање против возрасна форма на комарци | 2.500.000,00 |
| 1.2. | Ларвицидно третирање | 150.000,00 |
| 1.3. | Дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината | 500.000,00 |
| 1.4. | Надзор за ларвицидно третирање и дератизација и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината | 25.000,00 |
| **2.** | **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ СО ИНСТИТУЦИИ, НВО** | **150.000,00** |
| 2.1. | Активности на Совет за јавно здравје | 50.000,00 |
| 2.2. | Климатска рехабилитација (Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес и Друштво на родители за грижа за здраво поколение- Велес) | 100.000,00 |
| **3** | **БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ** | **3.100.000,00** |
| 3.1. | Оперативен трошок за функционирањена Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во ВПР (јануари-декември) | 2.100.000,00 |
| 3.2. | Заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња | 1.000.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **6.425.000,00** |

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на здравствената заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2025 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и Здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од областа на здравството за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Ресорното министерство;
- Бизнис заедницата, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

**IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/24
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.342**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/24
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/25
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија” бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11. 2024 година ја донесе следната

## ПРОГРАМА
## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ВО 2025 ГОДИНА

### I ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности;
- Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во државата и надвор од неа.

## II АКТИВНОСТИ

За реализација на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Велес во државата и надвор од неа, како и за развој и поддршка на спортовите во подем.

| (Нацрт) Програма за активностите на Општина Велес<br>во областа на спортот за 2025 година | | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | **1.795.000,00** |
| 1.1. | Поддршка на спортски турнири и натпревари | 300.000,00 |
| 1.2. | Поддршка на активности на Железничко спортско друштво Боречки клуб ЖБК-Борец, Велес за организирање на меѓународен меморијален турнир во борење за јуниори и пионери „Коцев Љубомир – Листон 2025” | 50.000,00 |
| 1.3. | Фудбалски турнир во рамки на одбележување на 5 јуни, Света Троица, с. Иванковци, Велес | 30.000,00 |
| 1.4. | Поддршка на активности на Спортско здружение „Спортски игри” за организација на Велешки Спортски игри 2025 | 300.000,00 |
| 1.5. | Поддршка на активности на Здружение на рекреативни риболовци и спортски клуб „Металург”, Велес за организација на Меѓународен куп во јадица на пливка „Цветници” 2025 | 30.000,00 |
| 1.6. | Поддршка на активности на Младински велосипедски клуб „Велес”, Велес, за организација на меѓународна велосипедска трка „Трофеј" 2025 | 60.000,00 |
| 1.7. | Поддршка на активности на Тениски клуб „Борец“, Велес за организација на Отворено првенство на Македонија во тенис „Велес опен 2025” | 60.000,00 |
| 1.8. | Поддршка на активности на Здружение за еколошко одржување на водите „Башино село”, Башино село, Велес за организирање на турнир во мал фудбал „Илинден” 2025 во Башино село | 30.000,00 |
| 1.9. | Поддршка на активности на Фудбалски клуб „Превалец”, Велес за организација на турнир во голем фудбал за млади категории по пово д Голема Богородица, Превалец, Велес | 30.000,00 |
| 1.10. | Поддршка на активности на Здружение на спортски риболовци „Бабуна”, Велес за организација на 45. Куп во лов на јадица со пливка „Бабуна 2025” | 30.000,00 |
| 1.11. | Поддршка на активности на ЗГ Кошаркарски кл уб „Борец - ветерани”, Велес за организација на 16. Меморијален кошаркарски турнир | 30.000,00 |
| 1.12. | Поддршка на активности на Здружение на Спортско рекреативен риболовен клуб „Кркушка”, Велес за организација на 13. Меѓународен куп натпревар во риболов на пливка | 30.000,00 |
| 1.13. | Поддршка на активности на ЗГ Фудбалски клуб „Горски”, Велес за организација на ревијален фудбалски натпревар | 15.000,00 |
| 1.14. | Поддршка на Извиднички одред „Димитар Влахов”, Велес за организирање на Вардарска регата „Гемиџии“ 2025 | 200.000,00 |
| 1.15. | Поддршка на Здружение на граѓани Атлетски клуб „Борец”, Велес за организација на атлетска трка | 300.000,00 |
| 1.16. | Поддршка на Сојуз на спортови на Велес за организација на манифестацијата „Избор на најдобар спортист и спортска екипа” за 2025 година | 150.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.17. | Поддршка на Здружение на граѓани Мото клуб „Мото Велес” за организација на ендуро-трка | 50.000,00 |
| 1.18. | Поддршка на активности на Здружение на спортски ветерани, Велес за организација на турнир на ракометни ветерани „Велес 2025” по повод 9 Ноември, Денот на Општина Велес | 50.000,00 |
| 1.19. | Поддршка на ЗГ Одбојкарски клуб „Борец ветерани” | 50.000,00 |
| **2** | **ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ** | **460.000,00** |
| 2.1 | Поддршка Сојуз на училишни спортови | 100.000,00 |
| 2.2 | Поддршка на општински фудбалски сојуз | 300.000,00 |
| 2.3 | Организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица | 60.000,00 |
| **3** | **ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ** | **5.550.000,00** |
| 3.1 | Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти | 1.750.000,00 |
| 3.2 | Поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти | 400.000,00 |
| 3.3 | ГОК „Борец”, Велес | 400.000,00 |
| 3.4 | Кошаркарски клуб „Борец – Баскет”, Велес | 300.000,00 |
| 3.5 | Ракометен клуб „Фруитленд Борец”, Велес | 600.000,00 |
| 3.6 | ФК „Борец 1919”, Велес | 600.000,00 |
| 3.7 | Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри | 300.000,00 |
| 3.8. | Поддршка и тековно одржување на спортска сала „Гемиџии” | 1.200.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **7.805.000,00** |

## III ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес од соодветни спортски сојузи во државата, од Министерството за спорт, од спонзорства и донации.

## IV ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес спортските манифестации ќе ги помага и со:

- Почесно покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за промовирање на здравиот начин на живот;
- Организирање анкети за да се утврди јавниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

## V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/25
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.343**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на**
**Општина Велес за поддршка на младите во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/26
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на**
**Општина Велес за поддршка на младите во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/26
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11. 2024 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА ПОДДРШКА**
**НА МЛАДИТЕ ВО 2025 ГОДИНА**

**I. ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Поддршка на работата на Локалниот младински совет на Општина Велес, преку реализација на активности за учење и развој на членовите на Локалниот младински совет, со цел иницирање на активности поврзани со колективниот развој на младите во градот и друго;

-
- Создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади со цел реализирање на активности чија целна група се младите од Општина Велес;
- Поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, со цел афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

## I. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Општина Велес на младите ќе им помага преку:

- Поддршка во реализирање активности согласно Националната Стратегија за млади, Програмата за работа на Локалниот младински совет и Младинскиот центар, како и преку учество во партнерски проекти со организации за млади и младински организации кои делуваат на локално и национално ниво, во тесна соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, младински чадор организации, Делегацијата на Европската унија, други меѓународни и национални организации и слично.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на младинскиот активизам, негово проширување и надградување.

**(Нацрт) Програма за активностите на Општина Велес**

**за поддршка на младите во 2025 година**

| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
|---|---|---|
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **550.000,00** |
| 1.1. | Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес | 100.000,00 |
| 1.2. | Поддршка на активности на Младински центар во Велес | 450.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **550.000,00** |

## I. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2025 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## II. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес активностите на младите ќе ги помага и со:

- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за потенцирање на потребата од вклучувањето на младите во ЛЕР, професионална ориентација и подобрување на стандардот за живеење;
- Организирање анкети за утврдување на интересот и насочување на сферите на делување на општината.

I. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/26
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.344**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/26
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/27
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 49, став 3 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 239/22) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10,15/14, 15/18 и 06/19), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на Седницата одржана на 15.11. 2024 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО 2025 ГОДИНА**

**I. ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Соработка со граѓанскиот сектор во согласност со можностите;
- Создавање услови за поддршка при реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани;
- Афирмација на Општина Велес како општина со развиена НВО мрежа и фондации.

## I. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- Сочувување на континуитетот и продлабочување на соработката со претставниците на граѓанскиот сектор;
- Обезбедување просторни услови за работа на здруженија на граѓани;
- Давање поддршка на проекти и проектни идеи кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани;
- Создавање можности на здруженијата на граѓани за остварување соработка и добивање на грантови и финансиски средства од меѓународни организации и институции;
- Воспоставување соработка со здруженија на граѓани од различни интересни групи на делување;
- Поддршка на Здруженија што го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

Во областа на поддршката на граѓанскиот сектор активностите на Општина Велес ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

**(Нацрт) Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година**

| Бр. | Назив | Предвидени средства |
|---|---|---|
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **970.000,00** |
| 1.1. | Учество во реализација на проекти и активности со граѓански организации и поддршка на програмски активности | 300.000,00 |
| 1.2. | Поддршка на Балетско студио „Анабела”, Велес за активности и учество на домашни и меѓународни натпревари во модерни танци | 120.000,00 |
| 1.3. | Поддршка на активности на Здружение за дејности од културата и уметноста „Арт Окарина”, Велес | 120.000,00 |
| 1.4. | Поддршка на ЗГ „В елес бајкинг”, Велес за организација на 11. Фестивал на отворено „АЗОТ мтб предизвик 2025” | 30.000,00 |
| 1.5. | Поддршка на активности на Извиднички одред „Димитар Влахов”, Велес | 30.000,00 |
| 1.6. | Поддршка на Невладина организација „Пситрабол”, Велес за организација на музички настан во Велес | 60.000,00 |
| 1.7. | Поддршка на Стрип центар на Македонија - Велес за организација на 22. Меѓународен салон на стрип „Велес 2025” и 7. Меѓународна Стрип колонија „Велес 2025” | 90.000,00 |
| 1.8. | Поддршка на активности на ЗГ „Мовембе р” за организација на настан за промоција на грижата за машкото здравје | 60.000,00 |
| 1.9. | Поддршка на активности на ЗГ „Акцијаши – Ветерани”, Велес | 60.000,00 |
| 1.10. | Поддршка на рекреативен велосипедски настан „Велес мтб тоур 2025“ во организација на ЗГ „Велес бајкинг“, а во рамки на Фестивалот на велешка пита и вино 2025 | 100.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **970.000,00** |

## I. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2025 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## II. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес ќе ги помага активностите на граѓанскиот сектор со:

- Покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање трибини, форуми, дебати и слично на теми што се од јавен интерес;
- Поддршка при организирање кампањи;
- Организирање анкети за утврдување на интересот и насоките кон сферите на делување на општината.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/27
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Веле
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.345**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/27
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/28
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 13 и став 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1од Статутот на Општина Велес(„Службен гласник наОпштинаВелес“бр.12/06,03/09,18/10,15/14,15/18,06/19и08/21),апопредлогнаГрадоначалникотнаОпштина Велес

СоветотнаОпштинаВелеснаседницатаодржанана 15.11.2024годинадонесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија во 2025 година**

## I. Цели

Активностите во програмата на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ), во текот на 202година ќе бидат насочени кон обезбедување на континуитет воработата и надградба на Информатичкиот систем, остварување на целите дефинирани во рамки стратешките документи,планирање и усогласување со националните стратеги и за ИКТ.

Стратешките цели се дефинирани во неколку приоритетни области,од кои најважни се:

- намалувањенатрошоцитевоработењето;

– подобрувањенаквалитетотнауслугите.

Главнитеактивноститекоитребадапридонеса тзаостварувањенастратешкитецелисеподелени вонеколкусегменти:

- континуирано одржување на целокупната оперативност на информатичко

- комуникацискиот систем на општината;

## I. Активности

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и локалните развојни стратегии. Во реализацијата на проектните активности искористено е стекнатото искуство на општината во областа на ИКТ. Дел од проектите, вклучуваат:

| | **АктивностинаОпштинаВелесза2025 година** | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **ЕА** | **Набавканасофтверихардвер** | |
| 1. | Набавка на информ артичка опрема (компјутери, сервери, принтери, мрежна опрема,) | 500.000 |
| 2. | Набавканасофтверилиценци(Office/SQL/ VEEAM) | 300.000 |
| **Е0** | **Тековноодржување** | |
| 1. | Тековно одржување или надградби на хардвер и системски софтвер (Server,Exchange,SQL, ISS) | 700.000 |
| 2. | Тековно одржување на принтери и докуп на гарации | 200.000 |
| 3. | Тековно одржување на агрегат | 100.000 |
| 4. | Лиценци за мрежна заштита за 3 години (Firewall) | 600.000 |
| 5. | Набавка на софтвер за заштита (лиценца 3 годишна) | 600.000 |
| 6. | Трошоци за одржување на апли кации од трети лица, хостирање и хостирани услуги(gohost/marnet /edusoft/ mbs/foxit ...) | 600.000 |
| 7. | НабавканаГИСуслугиза ОпштинаВелес и модул за автоматско генерирање на Извод од план | 800.000 |
| | **Вкупно** | **4.400.000** |

## I. Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 4.400.000,00 ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

## II. Завршниодредби

Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи ,дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/28
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.346**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/28
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт – програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година**

1.Советот на Општина Велесја утврди Нацрт – програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог програма и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/29
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 5 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15,71/16,106/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09,18/10 ,15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година**

**I. Цели**

Основните цели на оваа Програма ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Основни цели на оваа програма се:

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;
- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита

## II. Активности

Активностите ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирани о ќе се остваруваат преку:

- Територијалната противпожарна единица која дејствува на територијата на Општина Велес, согласност Законот за пожарникарството, ќе ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско, кои немаат формирано сопствена противпожарна единица;
- Штабот за заштита и спасување,
- Просторните сили за заштита и спасување и
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Велес.
- заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес.

Со цел за навремено, ефикасно и организирано спроведување на активностите од областа на заштитата и спасувањето, Општина Велес и во 2022 година ќе продолжи со континуирана соработка со надлежните државни органи од областа на заштитата и спасувањето и тоа:

- Дирекцијата за заштита и спасување;
- Центарот за управување со кризи;
- Министерството за одбрана и
- други надлежни органи и тела.

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на РСМ;
- Средства од Буџетот на Општина Велес;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица и
- Приходи од други општини

| Ред. Бр. | активности | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | **2.080.000** |
| 1.1 | Електрична енергија | 500.000 |
| 1.2 | Вода , канализација и ѓубретарина | 300.000 |
| 1.3 | Други комунални услуги | 10.000 |
| 1.4 | Течни горива-нафта за греење | 600.000 |
| 1.5 | Трошоци за интернет и др. комуникација | 250.000 |
| 1.6 | Горива и масла | 320.000 |
| 1.7 | Регистрација на моторни возила | 100.000 |
| 2. | **Поправки и тековно одржување** | **1.000.000** |
| 2.1 | Резервни делови | 200.000 |
| 2.2 | Попрака и сервисирање на возила | 500.000 |
| 2.3 | Сервисирање на ПП апарати | 100.000 |
| 2.4 | Набавка на гуми | 200.000 |
| 3. | **Облека –униформи и обувки** | **900.000** |
| | | |
| 4. | **Техничка и заштитна опрема** | **100.000** |
| 5. | **Материјални трошоци за физички и правни лица – учесници во гаснење на пожар и други видови непогоди** | **30.000** |
| 6.. | **Непредвидени трошоци** | **10.000** |
| 7.. | **Расходи за заштита и спасување** | **550.000** |
| 7.1 | Средства за опрема на просторните сили за заштита и спасување | 300.000 |
| 7.2 | Надомест на комисија за процена на штети | 100.000 |
| 7.3. | Ревитализација после елементарни непогоди | 150.000 |
| | **Вкупно** | **4.670.000** |

| **Средства од Буџет на РСМ** | | **Наменска** |
|---|---|---|
| 1. | Плати и надоместоци од плати | |

**V. Други форми на активности за**

**поддржување и помагање на ТППЕ**

Активностите на Териториjалната противпожарна единица – Велес, која делува на подрачјата на општините Велес, Чашка и Градско, освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Велес ќе ги помагаат и стимулираат и со:

- одбележување на 20-ти мај, Денот на пожарникарите;
- прогласување на најистакнат пожарникар во извршувањето на работните обврски при гаснењето на пожари;
- учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави
- поддршка и учество во проектни активности.

**VI. Завршни одредби**

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Велес ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес" и ќе биде ставена на јавна расправа.

Број 25-4529/29
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневскис.р.

**Бр.347**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување воОпштинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев" Велес за 2025 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев" Велес за 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/29
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09, 18/10,15/14, 15/18, 6/19 и 08/21),а во согласност со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев" Велес за 2025 година**

1. Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување во Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес за 2025 година, бр. 01-594/1 од 04.10.2024 година, за кој е дадено позитивно мислење од страна на надлежните органи, согласно член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4529/30
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.348**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за разрешување член(Претседател) на Управен одбор на ЈКП ,,Дервен“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување член(Претседател) на Управен одбор на ЈКП ,,Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/30
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр. 75/19,89/22, 274/22 и 208/24), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19и 8/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување член(Претседател) на Управен одбор на ЈКП ,,Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение се врши разрешување на член(Претседател) на Управен одбор на ЈКП ,,Дервен“ Велес:

   Александар Каракачанов,

2. Ова Решение влегува во сила со денот се објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4529/31
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.349**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Одлуката за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/31
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија” бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија” бр. 75/19,89/22, 274/22 и 208/24), а во врска со Правилник за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седница одржана на 15.11.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**
**(по четврти пат)**

**Член 1**

Општина Велес објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-4529/32
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 75/19, 89/22, 274/22 и 208/24) како и Правилник за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/2024) Советот на Општина Велес објавува:

**Јавен повик**

**за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен одбор на ЈКП „Дервен" Велес**

1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на еден член на Управниот Одбор на ЈКП „Дервен" Велес.

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/2024)

Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода.

2. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk и на страната на ЈКП „Дервен" Велес https://derven.mk/.

3. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Управен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањетосо правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен општите услови утврдени во член 17 став 4 од Законот за јавните препријатија, членот на управниот одбор во јавното претпријатие треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење или од областа на правните работи.

Мандатот на ново избраниот член на управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

4. РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Согласно член 19 од Законот за јавните претпријатија, Управниот Одбор ги има следните работни задачи, одговорности, права и обврска и тоа:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
5. Одлучува за употребата на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривање на загубите,
6. Ги донесува одлуките за инвестиции;
7. Ги утврдува цените на производите и услугите,

8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
9. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените и
10. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на јавното претпријатие

5. НАДОМЕСТОК

Претседателот и членовите на управниот одбор имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на управниот одбор на јавното претпријатие.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на УО поединечно не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавното препријатие исплатена во претходната година.

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на УО ја утврдува СОВ со одлука број 25-3658/13 од 31.08.2023 година и изнесува: за Претседателот месечен надоместок во износ од 7.000,00 денари и за членовите месечен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

6 .НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на УО на ЈКП „Дервен“ Велес се:

1. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
2. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
3. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
4. Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија,
5. Кратка биографија,
6. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

7. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се состои од две фази и тоа:

- административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик кои треба да бидат идентични со условите утврдени во Законот за јавни претпријатија, проверка на доставените докази и нивно бодување и
- интервју (го спроведува Комисијата за селекција која на предлог на Градоначалникот, ја избира Советот на општината)

8.РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 25.11.2024 и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 29.11.2024 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:

- во архивата на Општина Велес, ул„Панко Брашнар" бр.1, Велес (со назнака: За Јавен повик за именување на член на Управен Одбор на ЈКП „Дервен“ Велес)

Краен рок за поднесување на пријавите е 29.11.2024 година.

Незадоволните кандидати од изборот за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

<u>Напомена</u>: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Број 25-4529/32
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.350**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Јавното Комунално Препријатие „Дервен“ – Велес (пречистен текст) бр.01-1312/1 од 03.07.2023 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Јавното Комунално Препријатие „Дервен“ – Велес (пречистен текст) бр.01-1312/1 од 03.07.2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/32
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,13/09 и 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Јавното Комунално Препријатие „Дервен“ – Велес (пречистен текст) бр.01-1312/1 од 03.07.2023 година**

1.Со ова Решение се давасогласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Јавното Комунално Препријатие „Дервен“ – Велес (пречистен текст) бр.01-1312/1 од 03.07.2023 година, со арх.бр.02-1870/3 од 06.11.2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-4529/33
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.351**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување висина на цените за вршење на услуги спрема правни и физички лица**

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување висина на цените за вршење на услуги спрема правни и физички лица, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/33
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,13/09 и 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување висина на цените за вршење на услуги спрема правни и физички лица**

1.Со ова Решение се давасогласност на Одлуката за утврдување висина на цените за вршење на услуги спрема правни и физички лица, донесена од страна на Управниот одбор на ЈКП ,,Дервен" Велес, со арх.бр.02-1903/3 од 12.11.2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4529/34
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.352**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услуги за метење, миење и чистење на снег и мраз на јавни површини од ЈКП„Дервен" Велес**

Се објавува Решението за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услуги за метење, миење и чистење на снег и мраз на јавни површини од ЈКП„Дервен" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/34
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,13/09 и 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услуги за метење, миење и чистење на снег и мраз на јавни површини од ЈКП„Дервен" Велес**

1.Со ова Решение се давасогласност на Одлуката за утврдување на цените на услуги за метење, миење и чистење на снег и мраз на јавни површини од ЈКП „Дервен" Велес, со арх.бр.02-1903/4 од 12.11.2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4529/35
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.353**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување висина на цените за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини**

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување висина на цените за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2024 година.

Број 08-4530/35
18.11.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,13/09 и 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2024 година донесе,

**РЕ Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување висина на цените за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини**

1.Со ова Решение се давасогласност на Одлуката за утврдување висина на цените за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини од ЈКП „Дервен“ Велес, со арх.бр.02-1903/5 од 12.11.2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-4529/36
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.354**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

